**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 46/2021**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител Друштво за посредување, промет и услуги МЕД БРОКЕР ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4030007011246 и ЕМБС 6298605 со седиште на ул.Петар Поп Арсов бр.8/7 Скопје (примач на отстапено побарување на претходен заложен доверител Комерцијална банка АД Скопје врз основа на Солемнизација на приватна исправа ОДУ бр.371/22 од 26.05.2022 година на Нотар Анита Адамческа Скопје), засновано на извршната исправа Солемнизација на извршна исправа - Договор за залог за подвижни предмети со својство на извршна исправа ОДУ бр. 110/11 од 09.02.2011 година на Нотар Елена Пенџерковски од Скопје, против должникот/заложен должник Друштво за трговија и услуги КОРНЕА МЕДИКА ДООЕЛ Скопје со ЕДБ 4080010512237 и ЕМБС 6598692 и седиште на ул.Петар Поп Арсов бр.8/7, за спроведување на извршување, на ден 13.10.2022 година го составува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со прво усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1. Рефракциска маса MECCANOTTICA MAZZA тип/ модел 10.550.0, год.на производство 2010, со вредност од **158.473,00 денари;**
2. Столица за изведување операции со држач за одржување баланс OP- CHAIR HYBASE 6100 MINDDRAY, год.на производство 2010, со вредност од **14.205,00 денари;**
3. Оперативен микроскоп MOLLER – WEDEL HI – R 900 A, со држач за микроскоп FS 2-25/ LED, педала за микроскоп FS 2-11, 2-21, 2-25, во вредност од 506.104,00 денари, делови за микроскоп 50:50 во вредност од 13.652,00 денари и делови за микроскоп EBIOS 200 со вредност од 71.826,00 денари, сите делови на микроскоп производител MOOLER- WEDEL, и год. на производство 2010, **или со вкупна вредност од 591.582,00 денари;**
4. Столица за изведување операции модел MINDRY 6100, со вредност од **9.409,00 денари;**
5. Столица за транспорт на пациенти BRUMABA, боја сива, год. на производство 2010, со вредност од **40.771,00 денари;**
6. Крио сонда за хируршко ладење на окото KEELER, додаток на сондата, сонда за хирушки интервенции 2,5 ммм X2, сонда за операција на глауком, год. на производство 2010, со вредност од **136.273,00 денари;**
7. Инструменти Sci Can 5000 S 230 V, касета за инструменти Sci Can 5000, компресор за воздух со филтер Sci Can, со вредност од **72.318,00 денари;**
8. Масичка за апарат NAAG STREIT, год. на производство 2010, со вредност од **12.238,00 денари;**
9. Кутија со корективни леќи – 68 леќи, год. на производство 2010, со вредност од **7.379,00 денари;**

кои вредности претставуваат почетна цена за првото усно јавно наддавање за секој предмет поединечно.

Предметите се оптоварени со следните товари: заложно право во корист на заложниот доверител Друштво за посредување, промет и услуги МЕД БРОКЕР ДООЕЛ Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден 26.10.2022 година во 12:00 часот во просториите на Извршител на Извршител Игор Антевски од Скопје, на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и на веб страна на Комората на извршители на РСМ.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната цена за јавното наддавање за секој предмет поединечно. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај доверителот, по претходна најава кај извршителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: заложниот доверител
должникот/заложен должник

13.10.2022

X

Signed by: Igor Antevski

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.